4102-7513
24. 04. 2022

79 2/14
30-05-2006

Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање на управни работи во втор степен од областа на премерот, катастарот и запишување на правата на недвижностите, врз основа на член 227, став 1 од Законот за општата управна постапка, ("Службен весник на РМ", бр. 38/05) и член 23 од Законот за Владата на Република Македонија, ("Службен весник на РМ", бр. 59/2000), решавајќи по жалбите на МАКСТИЛ АД Скопје, застапувано од Кристијан Поленак и Татјана Поповски, адвокати од Скопје, и на МИТТАЛ СТЕЕЛ ДООЕЛ Скопје, (ХРМ), преку полномошникот Дејан Кнезовиќ, адвокат од Скопје, изјавени против Решението на Државниот завод за геодетски работи - Сектор за премер и катастар - Скопје, Бр. 1105/Дн. бр. 4817, од 24.08.2005 година, го донесе следното

# РЕШЕНИЕ

Жалбата на жалителот МАКСТИЛ АД Скопје, застапуван од Кристијан Поленак и Татјана Поповски, адвокати од Скопје, и жалбата на МИТТАЛ СТЕЕЛ ДООЕЛ Скопје, (ХРМ), застапуван од полномошникот Дејан Кнезовиќ, адвокат од Скопје, изјавени против Решението на Државниот завод за геодетски работи - Сектор за премер и катастар - Скопје, Бр. 1105/Дн. бр. 4817, од 24.08.2005 година, **СЕ УВАЖУВААТ.**

Решението на Државниот завод за геодетски работи - Сектор за премер и катастар - Скопје, Бр. 1105/Дн. бр. 4817, од 24.08.2005 година, **СЕ ПОНИШТУВА** и предметот се враќа на повторно разгледување и одлучување.

## *Образложение*

Државниот завод за геодетски работи – Сектор за премер и катастар - Скопје, како првостепен управен орган, донесол Решение, Бр. 1105/Дн. бр. 4817, од 24.08.2005 година, со кое се утврдува содржината на недвижностите во Пописниот лист бр. 4965 КО Гази Баба што се состои од објект на КП Бр. 2274/1, зграда 2, влез 1, приземје, со вкупна корисна површина од 273 м$^2$ и КП Бр. 2274/1, зграда 2, влез 1, приземје, помошни површини, со корисна површина од 3 м$^2$, односно со вкупна корисна површина од 276 м$^2$ и на која недвижност како носители на правото се запишуваат МИТТАЛ СТЕЕЛ СКОПЈЕ (ХРМ) АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО И ПРОМЕТ СО ТОПЛОВАЛНИ ТРАКИ од Скопје, ул. "16-та Македонска бригада" бр. 18 и МАКСТИЛ АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО И ТРГОВИЈА СО ПРОИЗВОДИ ОД ЦРНА МЕТАЛУРГИЈА од Скопје, ул. "16-та Македонска бригада" бр. 18.

Незадоволни од наведеното решение: во жалбата од жалителите МАКСТИЛ АД Скопје, застапувани од Кристијан Поленак и Татјана Поповски, адвокати од Скопје, се наведува дека решението е донесено врз основа на погрешна и нецелосно утврдена фактичка состојба во поглед на утврдување на правата на заедничко користење на градежно неизградено земјиште, а во жалбата на жалителот МИТТАЛ СТЕЕЛ ДООЕЛ Скопје, (ХРМ), застапуван од полномошникот Дејан Кнезовиќ, адвокат од Скопје, исто така, се наведува дека решението е нејасно во својот диспозитив, противречно на образложението и донесено врз основа на нецелосно утврдена фактичка состојба, затоа што со договор за физичка делба, на жалителот му било пренесено право на сопственост на објектот.

Поради тоа предлагаат жалбите да бидат уважени, а решението поништено.

Разгледувајќи ги наводите во жалбите и другите списи во предметот, Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање на управни работи во втор степен од областа на премерот, катастарот и запишувањето на правата на недвижностите констатира дека жалбите треба да бидат уважени, решението поништено и предметот вратен на повторно одлучување поради следново:

Првостепениот орган со обжаленото решение не ја утврдил целосно фактичката состојба по предметот и содржината во Пописниот лист бр. 4965 за КО Гази Баба - Скопје, во поглед на утврдувањето на правните основи кои претставуваат основ за запишување во катастарот на недвижностите. Согласно со член 58 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите, запишувањето во катастаот на недвижностите се врши врз основа на изјави составени во законски пропишана форма, правосилни судски одлуки и закон или одлука на државен орган.

Според ставот 2 на овој член, по исклучок во постапката за излагање на јавен увид на податоците за недвижностите, со утврдување на правата на недвижностите, ако за определена недвижност не постојат исправи, правото на недвижноста се докажува и врз основа на други изведени докази, (податоци од постојниот катастарски операт што одговараат на вистинската состојба, со сослушување на сведоци и изјави на странката).

Во конкретниов случај и од жалбените наводи произлегува дека за недвижниот имот постојат правно релевантни исправи и тоа: Одобрение за изградба, бр. 07-3637/1-65, од 19.03.1966 година, како и Одобрение за изградба, бр. 07-2308/1, од 06.12.1965 година, со кои на РУДНИЦИ И ЖЕЛЕЗАРНИЦА "СКОПЈЕ" се одобрува изградба на инвестиционите објекти - пумпна станица за жешка и ладна валалница, таложник за индустриска вода и слично. Исто така, пред оваа Комисија беа доставени и други правни докази за земјиштето и локалитетот на пораеншната РУДНИЦИ И ЖЕЛЕЗАРНИЦА "СКОПЈЕ", кои претставуваат основ за запишување на правата при постапката за излагање на јавен увид на недвижностите со утврдување на правата.

Поради наведеното, првостепениот орган, во постапката за излагање на податоците, требало да ги има во предвид сите правно релевантни докази и факти и целосно да ја утврди фактичката состојба и, врз основа на тоа, да донесе решение за запишување на правата на недвижностите.

По мислење на Комисијата, во повторната постапка првостепениот орган е должен да ги има во предвид укажувањата изнесени во ова решение да ја надополни постапката со спроведување на постапка за излагање на податоците согласно со Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите и со Законот за изменување и дополнување на Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите и, притоа, да им овозможи на странките рамноправно да учествуваат во постапката, да предлагаат докази и факти кои се релевантни за одлучување по предметот. Исто така, првостепениот орган ќе треба да ги има во предвид и наведените правни докази во жалбените наводи и останатите договори, пресуди и други правни акти во врска со локалитетот на поранешната РУДИНИЦИ И ЖЕЛЕЗАРНИЦА "СКОПЈЕ" и, по целокупно анализирање и утврдување на фактичката состојба, да донесе правилно и законито решение.

Поради наведеното, а согласно член 242, став 2 од Законот за општа управна постапка, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Решено од Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање на управни работи во втор степен од областа на премерот, катастарот и запишување на правата на недвижностите, на 26.04..2006, под Бр. 4102-75/3.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМИСИЈА,**
**МИНИСТЕР**
**Стевчо Јакимовски**